Уп1 Бр.08-388

Скопје 05.10.2017г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-388 од 03.10.2017 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-4240/2 од 05.10.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 34-та седница одржана на 05.10.2017 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, бр.08-989 од 26.08.2015 година, покрената со Предлог Уп1 бр.08-388 од 21.09.2017 година.

### Образложение

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, бр.08-989 од 26.08.2015 година, Агенцијата на 21.08.2017 година, му испрати фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2017-100-0204 (наш арх.бр.05-3727/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 286.728,00 (двестеосумдесетишестилјадии седумстотинидваесетиосум) денари, за годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување, за периодот од 20.08.2017 година заклучно со 19.08.2018 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 22.08.2017 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот бр.05-4072/1 од 21.09.2017 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.2017-100-0204 (наш арх.бр.05-3727/1) беше 20.09.2017 година, во кој рок радиодифузерот не го платил во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 32-та седница одржана на 22.09.2017 година, со Заклучок, бр.02-4074/2 од 22.09.2017 година, го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-388 од 21.09.2017 година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, бр.08-989 од 26.08.2015 година. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на ден 22.09.2017 година, до погоренаведениот радиодифузер беше испратен допис Уп1 бр.08-388 од 22.09.2017 година, со кое беше известен дека доколку не го плати во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

На ден 03.10.2017 година од страна на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одделение за економско-финансиски работи на Агенцијата, до Директорот на Агенцијата, доставено е Известување, Уп1 бр.08-388, дека Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, на 05.09.2017 година изврши уплата во износ од 210.000,00 (двестеидесетилјади) денари, на 20.09.2017 година изврши уплата во износ од 46.728,00 (четириесетишестилјадии седумстотинидваесетиосум) денари, на 28.09.2017 година изврши уплата во износ од 14.000,00 (четиринаесетилјади) денари и на 02.10.2017 година изврши уплата во износ од 16.000,00 (шеснаесетилјади) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со предлогот Уп1 бр.08-388 од 03.10.2017 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-4240/2 од 05.10.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 34-та седница одржана на 05.10.2017 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш;
- Секторот за информатичка подршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.